РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА
ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ - БИТОЛА

ФИКТ

Партизанска, бб (комплекс Касарни); 7000 Битола; Република МАКЕДОНИЈА; Тел. +38947 259923,259921; Факс +38947 259917; П.Ф.10

Бр.02-392/4
17.05.2018 година
Битола

Врз основа на член 110 став 1 алинеа 8, а во врска со членовите 175 став 1, 217 од Законот за високото образование (Сл. Весник на Р.М. бр.82 од 08.05.2018 година) и член 56 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св.Климент Охридски“-Битола, Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии - Битола, на седницата одржана на ден 17.05.2018 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. Се усвојува Реферaтот на Рецензионата комисија, објавен во Анекс на Универзитетскиот билтен бр. 440 од 12.04.2018 година, за избор на еден наставник од научните области: 21202 - Информациони системи и мрежи, 21203 - Бази на податоци; и 21208 – Друго (Мобилни дистрибуирани системи), на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола и доц. д-р Томе Димовски се избира во наставно-научно звање, **вонреден професор** од научните области: 21202 - Информациони системи и мрежи, 21203 - Бази на податоци; и 21208 – Друго (Мобилни дистрибуирани системи) **за време од 5 години**.

2. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по завршувањето на претходниот избор, односно од **14.08.2018 година**.

*О б р а з л о ж е н и е*:

На објавениот конкурс во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 06.12.2017 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања, од научните области: 21202 - Информациони системи и мрежи, 21203 - Бази на податоци; и 21208 – Друго (Мобилни дистрибуирани системи), се пријави еден кандидат, д-р Томе Димовски.

Рецензионата комисија, формирана со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот бр. 02-229/3 од 29.03.2018 година, поднесе Реферат за избор кој е објавен во Анекс на Универзитетскиот билтен бр. 440 од 12.04.2018 година. Во Рефератот се предлага, кандидатот д-р Томе Димовски да се избере во наставно-научно звање, **вонреден професор** од научните области: 21202 - Информациони системи и мрежи, 21203 - Бази на податоци; и 21208 – Друго (Мобилни дистрибуирани системи).

Рефератот за избор на еден наставник беше објавен во законски предвидениот рок во Анекс на Универзитетскиот билтен бр. 440 од 12.04.2018 година. На објавениот Реферат беше поднесен приговор до Наставно-научниот совет на Факултетот преку Рецензионата комисија која даде одговор во предвидените рокови од членовите 53 и 54 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св.Климент Охридски“-Битола. Приговорот и одговорот на приговорот беа објавени во Универзитетскиот билтен бр. 441 од 02.05.2018 година. Согласно член 54 став 4 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св.Климент Охридски“-Битола, Наставно-научниот совет на Факултетот одржа седница на која го разгледа приговорот и истиот **едногласно не го прифати** со што, согласно член 54 став

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА
ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ - БИТОЛА
ФИКТ

Партизанска, бб (комплекс Касарни); 7000 Битола; Република МАКЕДОНИЈА; Тел. +38947 259923,259921; Факс +38947 259917; П.Ф.10

5 се премина кон гласање по предлогот од Рефератот на Рецензионата комисија, и истиот **едногласно се усвои**.

Земајќи го во предвид горенаведеното Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии - Битола одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Наставно-научен совет**
**Декан**

**Ред. проф. д-р Игор Неделковски**

Подготвил/Проверил: м-р Илче Димовски

ДН:- д-р Томе Димовски
- архива
- работно досие
- сметководство